Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14 ), Секретарот на општина Гевгелија донесе,

**О Д Л У К А**
**за избор на административни службеници**
**по Интерен оглас бр.01/2022**

1.По инетерниот оглас 01/2022 објавен на ден 5.12.2022 година, за унапредување на административни службеници во Општина Гевгелија се избираат:
-**Митко Дојчинов,** со вкупно освоени бодови **38,55** за работно место под реден број 1 од интерниот оглас, УПР 01 01 Б02 000 - **Раководител на Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот**, во Секторот за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот, при Општина Гевгелија;
-**Ристо Аџиниколов**, со вкупно освоени бодови **38,05** за работно место под реден број 2 од интерниот оглас, УПР 01 01 В01 000 – **Советник за експропријација и право на службеност**, во Одделението за располагање со државно градежно земјиште, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, при Општина Гевгелија;
-**Тони Николов**, со вкупно освоени бодови **38,05** за работно место под реден број 4 од интерниот оглас, УПР 01 01 В01 000 – **Одговорен сметководител**, во Одделение за финансиски прашања, Сектор за финансиски прашања, при Општина Гевгелија;
-**Кристина Апостолова**, со вкупно освоени бодови **38,05** за работно место под реден број 5 од интерниот оглас, УПР 01 01 Г01 000 – **Самостоен референт за односи со јавноста**, во Одделение за поддршка на Градоначалникот, Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот, при Општина Гевгелија;
-**Васил Чурлинов**, со вкупно освоени бодови **38,05** за работно место под реден број 6 од интерниот оглас, УПР 01 01 Г01 000 – **Комунален редар**, во Одделение за инспекциски работи - Инспекторат, при Општина Гевгелија, и
-**Љубица Марковска**, со вкупно освоени бодови **38,05**, за работно место под реден број 7 од интерниот оглас, УПР 01 01 Г02 000 – **Стенограф**, во Одделение за стручно-административни и општи работи, Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот, при Општина Гевгелија.

2.Именуваните ќе бидат унапредени на работните места од став 1 на оваа Одлука, во рок од пет дена по конечноста на Одлуката;

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник бр.04-2363/1 од 25.11.2022 година и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на општина Гевгелија, бр.04-2363/2 од 25.11.2022 година, доставени од Секретарот на Општина Гевгелија до Одделението за управување со човечки ресурси при Општина Гевгелија, на ден 5.12.2022 година објавен е Интерен оглас број 01/2022, на веб страната на Општина Гевгелија и на Агенцијата за администрација, за унапредување на административни службеници за седум работни места:

1. Раководител на Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот, 1 (еден) извршител, во Секторот за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот, при општина Гевгелија,

2. Советник за експропријација и право на службеност, 1 (еден) извршител, во Одделението за располагање со државно градежно земјиште - Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, при општина Гевгелија;

3. Советник за буџетска координација, 1 (еден) извршител, во Одделението за финансиски прашања - Сектор за финансиски прашања, при општина Гевгелија;

4. Одговорен сметководител, 1 (еден) извршител, во Одделението за финансиски прашања - Сектор за финансиски прашања, при општина Гевгелија;

5. Самостоен референт за односи со јавноста, 1 (еден) извршител, во Одделението за поддршка на Градоначалникот, Сектор за правни, административни и општи работи и поддрчка на Градоначалникот, при општина Гевгелија;

6. Комунален редар, 1 (еден) извршител, во Одделението за инспекциски работи - Инспекторат, при општина Гевгелија, и

7. Стенограф, 1(еден) извршител, во Одделение за стручно-административни и општи работи, Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот.

Комисијата за селекција за унапредување за раководно работно место 1, формирана од Секретарот на општина Гевгелија, со Решение број 04-2363/8 од 15.12.2022 година и Комисијата за селекција за унапредување за стручните работни места број 2, 3, 4, 5, 6 и 7, формирана од Секретарот на општина Гевгелија, со Решение број 04-2363/7 од 15.12.2022 година, на ден 16.12.2022 година, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе адиниствативна селекција за работните места број 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 со Записник број 04-2363/9, според кој, од вкупно 7 пријавени кандидати, 6 се уредни и 1 неуреден кандидат за работното место со реден број 3, кој не продолжи во понатамошната постапка, на интервју, а со кандидатите за работните места 2, 4, 5, 6 и 7, Комисијата за селекција за унапредување за стручните работни места спроведе интервју со Записник број 04-2363/10.

На ден 19.12.2022 година, од страна на Секретарот на општина Гевгелија спроведено е интервју со кандидатот за работното место број 1 со Записник број 04-2363/11.

Врз основа на бодовите од спроведената административна селекција и спроведеното интервју, од страна на Комисиите за селекција за унапредување на административен службеник, изготвена е финална ранг-листа и предлог-одлука за избор на истите и ги достави на Секретарот на општина Гевгелија.

Врз основа на наведеното, Секретарот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Изработил, Весна Хаџикојчева

Бр.04-2512/1
19.12.2022 година
Гевгелија

Секретар
на општина Гевгелија,
*Лилјана Кичукова*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Доставено до:
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива
-Административен службеник


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk